20121643907

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 7 декември 2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИ НА ЗАВРШЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ОБЛАСТА НА ПЛАСТИЧНАТА И РЕКОНСТРУКТИВНАТА ХИРУРГИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за пакети на завршени здравствени услуги од болничката здравствена заштита од областа на пластичната и реконструктивната хирургија по кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствените услуги кои се на товар на Фондот.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствените услуги од болничката здравствена заштита од областа на пластичната и реконструктивната хирургија, за следните пакети на завршени здравствени услуги по следните референтни цени:

Шифра на ДСГ	Име на пакет-услуга	Референтна цена
ХПД1	Вградување на имплант на дојка по мастектомија или вроден недостиг на дојка	36.900
ХПД2	Реконструкција на дојка со имплант и експандер по мастектомија	99.697

Референтните цени ги опфаќаат трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кој ја извршува услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-22422/8
7 декември 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.